# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 октомври 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,26 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Почитувани колеги продолжувме со работа по 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Јани Макрадули, Стојан Андов, Бесим Догани, Абдулади Весели, Тито Петковски, Фијат Цаноски и Радмила Шеќеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Прва точка: - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Продолжуваме со претрес по амандманот на раздел 15020 Прогрма 4, подпрограма 41 ставка 471 и раздел 09002 програма 2, подпрограма 20, ставка 464, поднесен од пратениците Верица Филипова, Тале Герамитчиоски, Никола Поповски, Марјанчо Николов, Кире Гештаковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Благородна Цветковска.

Има збор господинот Борис Кондарко, но тој неприсутен во салата.

Има збор госпоѓа Владанка Авировиќ и таа не е присутна во салата.

Има збор господинот Васко Шутаров и тој не е присутен во салата.

Има збор госпоѓа Филипова и таа не е присутна во салата.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам, почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Со оглед на тоа што во текот на вчерашниот ден поради други причини оваа седница беше прекината и држевме друга на која не се расправаше за Буџетот, би сакал да кажам дека се работи за амандман поднесен од пратеничката група на СДСМ со кој се бара во Буџетот да се обезбедат средства со цел да се намали енергетската сиромаштија кај сиромашние слоеви на граѓани во Република Македонија.

Предлогот е со амандманот да се обезбедат средства во Буџетот со кои на сите социјално загрозени категории на граѓани кои немаат доволно примања и не можат да ги платат сметките на електрична енергија држава да земе обврска да им исплаќа сметки за електрична енергија во висина од 300 квтч потрочени часови на енергија.

Со оглед на тоа дека индексот на сиромаштија, бројот на домаќинства кои примаат социјална помош е некаде над 70 илјади и сите тие категории на граѓани не можат, затоа што немаат од каде да ги плаќаат сметките за потрошена електрична енергија или другите сметки за комунални услуги добро е Република Македонија односно Владата да почне да го почитува и Уставот во кој се вели дека државата обезбедува социјална сигурност на граѓаните и во Буџетот да се предвидат средства за плаќање на сметките за електрична енергија.

Ние имаме поднесено закон по однос на ова прашање, се надевам дека за брзо време ќе дојде на расправа во Собранието и дека ќе почне да се решава едно прашање кое тишти многу социјално загрозени или сиромашни домаќинства кои сега не можат да ги плаќаат своите сметки за комуналии затоа што немаат доволно средства, па во многу домови струјата е исклучена или ќе им ја исклучат, па мислам дека како пратеници ќе треба да го поддржиме овој амандман да се обезбедат средства и за овие граѓани. Благодрам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Апелирам до парламенарното мнозинство да го прифати овој амандман и на тој начин да покаже дека парламентарното мнозинство има сила да прифати амандман кој оди во прилог на интересот на граѓаните особено на онаа категорија на граѓани која е социјално најзагрозена.

Доколку до сега во изминатата година дена слушавме дека се што прави парламентарното мнозинство е во име на интересот на грѓаните и во име на приближување кон ЕУ, а истовремено исполнување на обврските за кои како држава сме ги презеле кон ЕУ, тогаш обезбедување на социјална заштита од енергетска е едно од тие прашања и очекувам парламентарното мнозинство, покрај тоа што ќе гласа за овој амандман со кој ќе се обезбедат средства кои ќе се искористат за користење на социјална заштита за домаќинства кои добиваат постојана парична помош, домаќинства кои немаат ниту еден вработен, кои не се корисници на постојана социјална парична помош и немаат друг извор на приходи, за домаќинства кои имаат невработено лице, корисник на паричен надоместок во случај на невработеност кој се движи во висина на

постојана парична помош и истиот е единствен приход во домаќинството, за домаќинства со повеќе од два члена во кои има еден пензионер што добива минимална пензија и истата е единствен приход на домаќинството, како и за домаќинства со повеќе од два члена во кои има само еден вработен со минимална плата чиј износ се движи во висина на постојана парична помош и нема други приходи во домаќинството да го усвојат заради тоа што на тој начин ќе овозможиме во овој период до крајот на годината кога започнува грејната сезона дополнително да придонесеме за подобрување на економската и финансиската состојба на ова социјално најзагрозена категорија на граѓани.

Очекувам парламентарното мнозинство да има чувство дека ваквиот амандман, обезбедување на буџетски средства за оваа категорија на граѓани е крајно неопходна. Исто така очекувам предлог законот за социјална заштита од енергетска сиромаштија кој СДСМ го предложи до Собранието дека многу брзо ќе биде ставен на дневен ред на наредната пленарна седница како една од првите точки за да може да обезбедиме и овој дел од обврските кои произлегуваат од европската агенда да ги исполниме.

Се надевам дека тоа што пратениците се сега незаинтересирани да ги слушаат нашите образложенија по овој амандман, не значи дека не се заинтересирани за подобрување на состојбата на социјално најзагрозената категорија на граѓани во Република Македонија и дека ќе гласаат за овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам колегите да седнат на совите места.

Бидејќи во салата има доволен број пратеници амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 14, еден воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма А), подпрограма А2) ставка 443 и раздел 09002 програма 2, подпрограма 20, ставка 464, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Владо Бучковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Никола Ќуркчиев, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Цветанка Иванова, Благородна Цветковска, Весна Бендевска, Борис Кондарко и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседател, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Во овој амандман ние предлагаме износот кој се однесува на блок дотациите за образованието поточно за прв пат при стартување на втората фаза од децентрализацијата во која од 42 општини за прв пат платите се трансферираат преку единиците на локална самоуправа износот кој е даден во прилог под табела 1 во ребалансот на Буџетот или вкупната сума од 1.230.980.000 денари да се зголеми за 10%.

Најдобро намерно ќе ви кажам од сопствено искуство зошто пристапивме кон ваков предлог.

Како Министерство за финансии заедно со Министерството за образование и наука влегувате во многу чувствителна фаза. За прв пат стартува втората фаза на децентрализацијата во која првите аномалии ќе се јават првите месеци.

Не се сомневам во вашите капацитети на Министерството и службениците дека беспрекорно сте ги формирале овие рамки. Но, во пракса се случуваат работи кои не можете да ги предвидите никако од канцелариско водење на работите.

На почетокот на учебната година бројот на извршителите секогаш е варијабилен. Не можете точно да го определите, бидејќи за основното образование, поточно во најниските гласови за прв пат стартува деветолетката. Бројот на децата кои се запишуваат во прво одделение не може да биде утврден месец дена по почнување на учебната година. Ако бројот на децата не може точно да биде утврден, значи варира, а сведоци сме во јавните гласила дека постојат одредени проблеми кои деновиве убеден сум дека ќе се разрешат, не можете точно да го определите ни бројот на извршителите кои ќе бидат ангажирани. Ако не може да биде точно определен ни бројот на извршителите, не може ни платите да бидат прецизирани во оние рамки кои општината ги пријавила до Министерството за образование и наука кое ја користело методологијата за да го информира Минисерството за финансии за оваа пресметка.

Истото се случува и во погорните класови значи во основното образование каде се воведуваат нови наставни содржини, нови предмети заради стартување на нови програми и бројот на извршителите исто така ќе биде поголем од оној кој општините го планирале и го пријавиле до Министерството за образование и наука за да се формираат блок дотациите.

За средното образование ситуацијата е уште покомплицирана бидејќи само да земете во предвид избор на јазици, мислам странските јазици во кои не можат да се определи точно бројот на извршителите првите години заради изјаснување на учениците кој прв, кој втор јазик ќе го изучуваат или колкав е потребниот број на наставници кои треба да бидат ангажирани дополнително.

Имајќи предвид, би сакал ова да го сослушате, бидејќи ќе се соочите со тој проблем, дека имате голем број на извршители во образованието и уште повеќе секојдневно се случува од разни објективни или субјективни причини некои од наставниците ангажирани во редовен работен однос да го прекинат својот ангажман како на пример трудничко боледување или класично боледување или заминување на друго работно место или напуштање целосно и ослободување на тие часови. Од постојниот механизам на давање на согласност од страна на Министерството за финансии за трајно вработување кое не се случува така едноставно, министерот за образование дава дозвола за распишување на огласи на определено време. Најчесто на тој фонд часови се злоупотребува од страна на градоначалниците или другите лица и тој број на извршители се мултиплицира.

Верувајте дека во пракса оваа проектирана сума е недоволна. Би било најдобро, бидејќи стартувате со втората фаза, стравот кај наставниот кадар е голем, бидејќи не се во целост информирани како тоа ќе се одвива, нервозата е присутна кај нив, кај општините имате слаби административни капацитети за да се одговори на оваа задача, ќе се јави проблем на доцнење на платите заради ненавремено и неажурно извршување од страна на, пред се, училиштата, од страна на благајниците тие кои првичниот документ го подготвуваат, па го предлагаат до општината, па општината го предлага до Министерството за образование и наука кое се трансферира трезорски до Министерството за финансии.

Најдобро намерно, за да се избегнат тие проблеми, ние предлагаме таа сума да се зголеми за 10% со некоја природна резерва со која секогаш сме пристапувале. Дај боже таа да не се користи, вие лесно ќе можете вишокот на средства самото Министерство може од една стапка на друга со природен механизам да ги алоцира.

Не знам колку ме разбравте, ова се проблеми од практичен аспект кои најдобро намерно сакаме, за избегнување на нервози во образованието, да придонесеме и затоа го предложивме овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за гласале 11, 1 се воздржал од гласање, 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 2), подпрограма 2Б) ставка 482 и раздел 0401 програма 1, подпрограма 10, ставка 464, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Владо Бучковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Никола Ќуркчиев, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Цветанка Иванова, Благородна Цветковска, Весна Бендевска, Борис Кондарко и Никола Поповски. Ако ви значи нешто архивскиот број 07-3887/10.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседател, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Добро, нема нешто посебно да се каже, амандманот е доста јасен, предлагаме да се зајакнат средствата за реконструкција на основните училишта, бидејќи навистина со години наназад, без да се злоупотребува, без да се кажува кој како е виновен и што е виновен, инфрастуктурата е во доста лоша состојба и покрај секојдневните напори на било која Влада да се подобрат.

Едноставно, мрежата е преголема, средствата кои што Владата постојано ги одвојува се тие кои што се, но се јавуваат и дополнителни проблеми во тековното одржување и од тие причини ние предлагаме, како и при секој буџет или донесување на ребаланс, бидејќи станува збор за добра вест дека приходната страна на овој буџет е зајакната. Тоа значи дека има вишок на пари и дел од тие пари да се наменат за реконструкцијата на училиштата од основното образование. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 10, воздржан 1, против гласале 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 6 подпрограма 6-А ставка 482 и раздел 04001 Програма 1 подпрограма 10 ставка 464, поднесен од пратениците Игор Ивановски,

Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Владо Бучковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Никола Ќуркчиев, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Цветанка Иванова, Благородна Цветковска, Весна Бендевска, Борис Кондарко и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер, објаснувањето на овој амандман е слично како и за претходниот. Значи, ако има, според вас, добар приход буџетот, се појавиле вишок средства во приходната страна од наплата на даноците, добро би било да се одвојат дел од средствата за подобрување на инфраструктурата и студентскиот стандард на постојните студентски домови. Јас не навлегувам во програмата на Владата што ја има во делот на подобрување на студентскиот стандард на постојните студентски домови, да се одредат и одделат одредени средства, кои што со овој амандман сме ги предвиделе, за да може да се подигне студентскиот стандард. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници во салата, гласале 58, за гласале 10, нема воздржани, 48 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 29010 Програма Г подпрограма Г-5 ставка 425 и раздел 07001 Програма 1 подпрограма 10 ставка 464, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Владо Бучковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Никола Ќуркчиев, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Цветанка Иванова, Благородна Цветковска, Весна Бендевска, Борис Кондарко и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман е поднесен со цел да се зголемат средствата наменети за обука на судии обвинители, како значајно прашање во реформскиот процес, за да може да се следат сите оние измени на закони, а и да се овозможи специјализација на судиите што е неопходно потребна за нивпо поефикасно работење.

Прашањето на законите е само еден дел од реформите, но самата имплементација на законите е најзначајниот дел, за што мислам дека оваа Влада апсолутно не обрнува внимание. Па, затоа, не е ни чудо поради ваквиот однос на Владата што имаме можност министерот за правда да го слушнеме во медиумите дека му е потребен Судскиот совет да се докомплетира за да ги доврши реформите. Од ваквата изјава некој ќе помисли дека тој ги предвиде и ги започна реформите, а сега само му останува да ги заврши. Но, тоа што е вистина е дека министерот за правда имаше цела година да ги заврши реформите, затоа што ги затекна во завршна фаза, но цела година стои само на завршување на реформите и ниту еден чекор напред не е тргнат, па само наоѓа начини и изговори како да се оправда заради тоа што тој треба тоа да го направи како министер, не е направено.

Од тие причини ние сметавме дека, еве за да се помогне процесот на имплементација на законите, остварување и реализација на Законот за Академија за судии и јавни обвинители за нивна обука, сметавме дека е потребно овие средства постои можност да се зголемат, со цел да се зголеми и ефикасноста во едукацијата на судиите, а секако тоа би се одразило и во процесот на имплементација на законите од страна на судиите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колешке.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 13, нема воздржани, 52 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеник, господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам господине потпретседател.

Би сакал за вчера уште еднаш ако нешто остана дилема да се извинам, беше мое невнимание.

Би сакал по претресот на текстот на Буџетот после ова да отворам една дилема која кај нас постои во пратеничката група и која мислам дека

е добро што и министерот за труд влезе, затоа што мислам дека ќе биде добро да се расчистат тие дилеми во врска со Буџетот. Ние денес со Буџетот, покрај другото носиме ребаланс со кој ќе се зголемат платите последователно во три наврати по 10% односно во оваа година 10% и тоа да се имплементира на неколку различни категории на луѓе вработени во буџетските институции кои ги финансира Централнио буџет. Меѓутоа, заради процесот на децентрализацијата, ова нема да биде доволно за да се земат платите зголемени за 10%, како што ние ги разбираме работите од една причина што со процесот на децентрализација околу 3/7 од вработените 70 илјади во Буџетот се префрлени со децентрализацијата во општинската надлежност. Со оглед на вашата информација која е дадена со Буџетот дека отприлика половина од општините се преминати во втората фаза на децентрализација, една половина е останата во првата фаза на децентрализација, ние подразбираме дека за да Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика како надлежни за политиката на плати не за нивото на плати, туку за уредување на системот на плати, ќе има проблем да ги исплати платите на сите вработени во буџетските институции кои се децентрализирани и во првата и во втората фаза на децентрализација, доколку општинските совети не донесат сопствен ребаланс на Буџетот, односно 84 ребаланси. Ние така ја подразбираме работата. Би сакале да добиеме сега на крајот откако Буџетот ќе се затвори со амандманите прифатени или неприфатени објаснување дали платата за децентрализираните надлежности е применлива после денешниот ребаланс и двата закони што следат во надлежност на Министерсвото за труд и социјална политика, кои следат веднаш или е неприменлива додека не се донесат ребалансите на буџетите. Затоа што, веќе се појавија пукнатини односно одредени совети на територијата на Република Македонија ги одбија ребалансите што се поднесени од градоначалници, во кои се инкорпорирани помеѓу другото и платите. Од едноставна причина, што ако советот и градоначалникот се со различна политичка определба, политиката на неодобрување на предлозите е во Македонија стварност. Па, би сакале да добиеме едно образложение, дали ова автоматски важи за општините или не и кој е механизам за тоа да се надмине.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Најдовски Слободан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за финансии, почитуван министер за труд и социјална политика.

Ќе бидам сосема краток за ова прашање кое што сега ќе го изнесам, а пред малку разговаравме со претставниците на Владата, тоа го изнесов и во мојата дискусија по општиот претрес по предложениот ребаланс. Очекував дека овие денови додека траеше расправата, Владата ќе поднесе амандмани заедно со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување.

Имено, нелогички е да усвојуваме буџет со кој што ќе се зголемат платите на државната администрација, автоматски со тоа ќе се зголемат и придонесите за пензиско и здравствено осигурување и за Агенцијата за вработување. Кога се зголемуваат приходите, нелогички е во ребалансот и на пензискиот фонд и на здравствениот фонд приходите да им бидат подеднакво идентично до бројка исти, како што беа со претходниот ребаланс. Тоа покажува дека или тогаш не се исправно планирани приходите во овие фондови или сега не е нешто во ред. Имено, не добивме одговор од претставниците на Владата зошто е ова вака.

Според моите размислувања постојат три можности зошто е тоа така направено, кои што сепак ми се нелогички и треба да дадете објаснување.

Првата можност е предвидените приходи во пензискиот и здравствениот фонд да не се реализираат по предвидената динамика, како што беше предвидено со буџетот и со ребалансот кој што го усвоивме на 1 август. Тоа значи дека тогаш ќе дојде до израз не е во ред кажувањето дека има зголеменост на вработеноста и реален пораста на наплатите досега. Или пак, не е извршено правилно планирање во овие два социјални фондови во Агенцијата за вработување. Или пак е направен некој превид, што исто така не е добро. Затоа, сметам дека сите тие три варијанти не се добри или пак на крајот, можеби повторно на крајот на годината Владата ќе излезе со прес конференција на која што ќе каже дека приходите на пензискиот и на здравствениот фонд се над планираните. А, уште сега во старт погрешно ги планира. Реално е ако се зголемат платите за 10% во јавната администрација, тогаш соодветно на тие 10% да имаме 10% зголемување на приходите во пензискиот фонд, што значи некаде околу стотина милиони денари во пензискиот фонд и од 45 до 50 милиони зголемување на приходите во здравствениот фонд.

Затоа, би замолил доколку претставниците на Владата сакаат да одговорат на прашањето зошто остануваат приходите во овие фондови на исто ниво. Инаку, вака како што е предложено не може да биде прифатливо за нас пратениците. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Има збор пратеник господин Серафимов Влатко, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин заменик претседател, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Во овие неколку дена се расправаше за ребаланс на буџетот во кои што беше повеќе насочена тезата за зголемувањ на платите на јавната администрација. Меѓутоа, јас од оваа говорница сакам да поставам и неколку прашања до министерот, до заменик министерот за финансии, бидејќи не е секаде исто зголемувањето на платите на јавната администрација.

Јас би се осврнал во некои општини во кои што градоначалниците од редовите на СДСМ, а претседавачите на советите и советите од ВМРО-ДПМНЕ, доаѓаме во една ситуација во која што ребалансот на буџетите на локалните самоуправи се изгласува, а зголемувањето на платата на општинската јавна администрација не се изгласува. Ве молам, и луѓето кои што се вработени во единиците на локалната самоуправа се интересираат која е целта на оваа состојба. Дали е целта да не се почитува одлуката на Владата во која што дури со една одлука се одреди и казна од - до за работодавачите, кои нема да ја почитуваат одлуката на Владата. Како градоначалникот кој што е работодавач ќе ја спроведе одлуката дококлу советот гласа против зголемување на платите на општинската јавна администрација. Во општинската јавна администрација спаѓаат и противпожарните единици на територијата на општината во која што функционираат. Ве молам, како и во интерес на граѓаните и во интерес на општинската јавна администрација и во Кочани и во Босилово, како што имаме информации, изгласано на совет платите на општинската јавна администрација да не се зголемуваат. Како ќе постапуваат и кој е начинот и следниот чекор кој што треба да го преземе.

На крајот на краиштата не се работи за општинската јавна администрација меѓутоа во таа јавна општинска администрација спаѓаат и противпожарните едници односно вработените во противпожарните бригади. Зарем и тие луѓе не заслужиле кога беа на сите поголеми жаришта во Република Македонија, ги гаснеа пожарите без разлика од која општина доаѓаа, беа ангажирани да ги гаснат пожарите низ цела република. Зарем тие луѓе не заслужија да добијат поголема плата од 10%.

Затоа, ве молам да ми дадете одговор, доколку можете, што ќе се случи со овие општински јавни администрации, во кои што советите не го изгласаа зголемувањето на платите на општинската јавна администрација. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас навистина не можам да ја разберам смислата на овие расправи за Буџетот, ако претставникот на Владата т.е. министерот за финансии воопшто не чувствува потреба на многи сериозните забелешки искажани во оваа дебата да даде било какво објаснување или одговор. И, тоа за мене е уште еден елемент на укажување на една комплетно неприфатлива позиција на Владата на комплетно игнорирање и маргинализирање на Парламентот. Навистина, доколку не ги почитувате пратениците од опозицијата, тогаш имајте барем малку респект кон македонската јавност, која што очекува одговори на повеќе прашања кои што беа поставени, а за кои што не добивме одговор. Не добивме одговор никаков зошто Буџетот по трет пат откако е ВМРО-ДПМНЕ на власт енормно се зголемува на расходната страна. И, тоа ли е политика на една десничарска конзервативна влада. Со овој Буџет ребаланс ги зголемувате расходите за 30 милиони. Пред два месеци ги зголемивте за 90 милиони, а кога го носевте Буџетот за близу 100 милиони во однос на 2006 година. Каде одат овие преку 200 милиони евра. Зошто македонскиот граѓанин тоа не го чувствува. Зошто услугите не се подобрени. Зошто низата алокации буџетски кои што треба да стигнат до граѓаните не се чувствуваат. Мора, ако министерот за финансии веќе не е во состојба да даде одговор, тогаш премиерот да објасни која е оваа политика на конзервативна Влада на максимално зголемување на трошењето и на историски најголемите буџети на Република Македонија.

Наспроти ова енормно трошење, структурата на Буџетот останува и понатаму лоша, ако не и влошена. Ние не добивме никакво објаснување како е возможно, заклучно со септември, за 9 месеци од фискалната година, само 31% од капиталните инвестиции да бидат потрошени. Тоа е катастрофална неспособност. Барам одговор од Валдата дали и кои мерки ќе бидат преземени кон неспособните министри кои не знаат да ги трошат парите што се алоцирани за проектите што се определени.

Ваква лоша реализација од 30% за 9 месеци, до сега немало. Некој мора да понесе одговорност за тоа. На прво место министерот за финансии, понатаму, на седница на Влада и сотанатите министри кои не знаат да раководат. Затоа што е ова најголем показател дали функционира една Влада или не. Дали функционира едно министерство или не.

Во претходната расправа за ребалансот, во јули, јас лично ве предупредував дека, бидјеки не ги потрошивте ни до тогаш парите, реализацијата за 4 месеци ви беше само 13%, дека вие нема да успеете ни од далеку да ги реализирате планираните средства. Министерот за финансии тогаш не убеди дека сега реализацијата ќе се зголемела, дека биле преземени мерки. Меѓутоа, што гледаме? Резултатите се уште полоши. За 9 месци 30%. Значи, сега за 3 месеци ќе треба да потрошите 70%. Невозможно. Освен ако не планирате тоа да го правите на незаконски начин или на начин со форсирање на непосредните спогодби, како што сега ни подметнувате член во Законот за јавни набавки што треба да го расправаме.

Барам некој во Владата да понесе конкретна одговорнсот за ваквото катастрофално трошење

на капиталните инвестиции. Тоа, се разбира, вие го признавате со ребалансот, затоа што за 13 милиони евра одите надолу. Меѓутоа, бидете убедени, завршната сметка што ќе ја усвојуваме за Буџетот од 2007 година, ќе покаже дека уште, за жал, ќе одите надолу.

Навистина не ми е јасно како премиерот Груевски, кој за себе гради имиџ на успешен минстер за финансии, не може да воспостави ред во Владата во една област за која што поседува компетентност. Како не може да ги натера минситрите да ги трошат капиталните инвестиции. И покрај тоа што, како што разбрав, на секоја седница на Владата имате точка како се трошат капиталните инвестиции. Меѓутоа, очигледно е и покрај тоа што секоја недела разговарате на Влада, не сте способни да дадете резултати во овој клучен сегмент. Поради тоа и структурата на Буџетот ни е таква каква што ни е, за жал многу лоша.

Она што е најбитно, што се глед аод овој Буџет сосема јасно, како во чистоогледало, и после 16 месеци оваа Влада на клучното прашање, на клучниот македонски проблем - решавање на невработенсота, нема никаков резултат. Тоа се гледа, спомна и колегата Најдовски, од буџетите, од приходната страна на фондовите за пензиско и инвалидско. Таму, стабилно ви стои ситуацијата на нула, т.е. секаде имате некакви зголемувања на приходната страна, таму немате. А зошто немате? Затоа што нема нови вработувања од каде што ќе се примаат нови придонеси во фондовите за пензиско и за здравствено. И, токму приходната страна на фондовите за пензиско и здравствено е доказ за вашата неуспешност во најбитното економско прашање, во решавање на невработеноста.

Џабе и се сите фалења, сите презентации, сите спектакли на Владата кога во ова клучно прашање, верифицирано во Буџетот нема никаков напредок. А, со ваквата политика на кратење на капиталните инвестиции и на неспособноста да се потрошат капиталните инвестиции, вие и понатаму придонесувате да немате одговор на ова клучно прашање.

Барам одговор од Владата, бидејќи имаме законски одредби во Законот за извршување на Буџет, членот 7, каде што се намалуваат капиталните инвестиции по автоматизам, до колку не бидат потрошени заклучно со 30 јуни, не бевме информирани од Владата кои мерки се преземени, не бевме информирани ни од министерот при јулскиот ребаланс на Буџетот. Тоа значи дека пораката е министрите кои се неспособни, а такви се повеќе од половина во вашата Влада кои не можат да ги потрошат капиталните инвестиции, воопшто не се санкционирани поради тоа.

Верувајте, ова ви го кажувам и ќе биде од корист за успехот и за ефикасноста на самата ваша Влада, затоа што сите политики што ги водите се компромитираат кога повеќе од половина Влада не е во состојба да ги изврши клучните капитални инвестиции кои се единствениот реален фактор каде што Владата може дирекно да влијае за развој на македонската економија.

Очекувам, за овие седници да имаат смисол, да бидат место каде се води дебата идијалог, да претставниците на Владата дадат одговори, дадат образложение на прашањата што се покренуваат во овој Парламент. Инаку, безсмисленис е овие седници. На сите ни е јасно дека парламентарното мнозинство ќе го изгласа она што го нуди Владата. Меѓутоа од таму и Парламентоте дом на дебата, на соочување на аргументите и, ве молам, со многу поголема почит однесувајте се кон овие предлози, кон овие прашања од опозицијата, затоа што тие заслужуваат внимание. Тие се од интерес за сите граѓани на нашата држава.

Благодарам за вниманието.

**Иван Анастасовски:** За реплика се јавувате претпоставувам?

Три минути реплика за заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Со должно почитување кон ова што го кажаа пратениците, оние кои претходно зедоа збор, јас чекав да завршат сите па да дадам објаснување на сите прашања.

Кога се гледаат капиталните расходи од тука ќе тргнам, треба да се знае и да се погледне убаво кои министерства колку реализирале. Министерствата, со капиталните расходи стојат добро. До крајот на годината сите капитални расходи што се проектирани, онака како што се сега предвидени, ќе се реализираат. Треба да се погледне, прво, кои институции не реализирале од капиталните расходи, затоа што има институции кои не се директнопод министерствата, а имаат реализација на капитални расходи од 0%, а капитални расходи не се во милиони, туку да кажеме 150 илјади денари капитален расход - реализација 0. Нема да ги читам кои се тука, 130 илјади денари капитален расход - реализација 0. Што значи дека до крајот на годината сигурно Ќе се реализираат и овие. Поради тие 0%, 1%, 2%, 3% капитални расходи кои се со 100 илјади, 150, со 200 илјади,...

Па не е смешно почитуван пратеник. Јас не ви се смеев кога дискутиравте. И, ќе ве молам.

Капиталните расходи многу добро ги знам и многу добро знам кое минситерство колку има потрошено. Многу добро знам за кои се проекти се објавени тендери и се при крај и до крајот на годината ќе бидат реализирани.

Ова го дискутирав и на комисиите. Ребалансот на Буџетот се азгледуваше и на повеќе комисии, така што се однесува до капиталните расходи, сигурен сум дека министерствата ќе ги реализираат.

Можеме да дискутираме зоштоовој процент на реализација на капиталните расходи е намален.

Што се однесува до ребалансите што треба да ги усвојат општините, за да може да се реализира

зголемувањето од 10%, треба Советот на општината да донесе одлука за ребалансот. Тоа е обврска на Советот на општината.

Јас не знам на кој друг начин пратеникот Никола Поповски и пратеникот Влатко Серафимов...

**Иван Анастасовски:** Ве молам, обраќајте се на пратеникот на кого реплицирате.

**Предраг Трпески:** Па, до сите, сите прашања ги нотирав...

**Иван Анастасовски:** Не може до сите. Вие има на кого да се обратите. Не може до сите.

**Предраг Трпески:** Јас побарав збор.

(Настана џагор во салата)

**Иван Анастасовски:** Ве благодарам, ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Манасиевски Јован, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам.

Јас навистина ми е многу симпатичен ентузијазмот на претставникот на Владата. Меѓутоа, фактите се немилосрдни. За 9 месеци реализација 30%. Најкатасторално во досегашната историја на реализација на Буџетот на независна Македонија. Како, за само 3 месеци ќе успеете да реализирате 70%, јас навистина не знам, меѓутоа слушнавме дека премиерот е волшебник во онаа емисија што 12 пати се репризираше до сега, така што можеби има решение и во овој дел.

Инаку, самиот ребаланс ви е доказ дека сте тука неспособни, затоа што за преку милијарда денари ги ребалансирате надолу капиталните инвестиции. Каков доказ ви е потребен повеќе кога самите одите за 13 милиони евра надолу во капиталните инвестиции. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

(Повеќе пратеници се јавуваат, некои за збор, некои за реплика).

За збор можете да се јавите, не за реплика, јас го опоменав заменикот дека не може да ви се обраќа на сите вас, туку на оној кон кого е упатена репликата. За збор, легитимно, можете да се јавите.

Има збор пратеникот господин Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, заменик министре,

Сосема кратко, не мислам да го злоупотребувам времето. Јас имав еден говор по однос на Ребалансот на буџетот каде што беше министерот.

Не сте во право. И министерот самиот индиректно призна дека имаа слаба реализација на капиталните инвестиции од страна на одредени министерства. Ќе ви посочам три примери во кои што не станува збор за 100 илјади денари.

Самите,од Министерството сте оцениле дека толку се слаби и неефикасни што мора да ги скратите за 20 милиони, за 10 милиони и третиот пример е мал, еве за 2 милиони. Еднот пример е Министерството за животна средина и просторно планирање, каде што санација на жешки еколошки точки од 28 милиони и 100 на 26 милиони и 100. Тоа е 2 милиони, ситна работа. Изградба и реконструкција на пречистителни станици, капитални инвестиции што треба исклучително да ја подобрат состојбата во повеќе опоштини, од 25 милиони на 15 милиони. 10 милиони кратите, помалку и тоа со најголема одговорност тврдам, затоа што не можат да ги реализираат проектите што ги зацртале и ги побарале при проектирањето на сопствениот буџет само пред 3 месеци, кога се носеше Ребалансот на буџетот. Во Министерството за транспорт и врски, програмата 3А-санација на свлечишта, од 58 милиони и 500 на 38 милиони и 500. Само да ве потсетам при Ребалансот на буџетот во август колкави дебати илипри проектирање на Буџетот се водеа, амандмански, за свлечиштата, посочени како исклучително сензитивни точки во одредени региони по однос на инфраструктурата.

Не можете да избегнете од одговорноста, дека некои министерства или се неспособни да ја реализираат Програмата што самите си ја поставиле или некој ја побарал од нив така да ја проектираат, несвесни за капацитетите што ги поседуваат.

Или, ушт еполошо, не поседуваат капацитети за да можат правилно да го проектираат сопствениот буџет или се пресметале во амбициите дека можат да остварат нешто, за што не можат да го реализираат.

Или, трета работа, не можат ниту техничкиот дел, тендерите, кои треба да ги распишат за изведувачи или не можат навремено да ги распишат или пак направиле утка при распишување на тендерот, па мора да се поништуваат од второстепени владини комисии или пак изборот на изведувачите им е лош или постојат некои полуматни или невешти работи при изборот, така што оштетените страни кои учествувале на тендерот се пријавуваат на второстепена владина комисија што ги поништува тие тендери. Нормално дека ќе се дојде до таа ситуација.

Да резимирам, не мислам да го злоупотребувам времето, не можете да ја задскриете неспособноста што колегата Манасиевски ја кажа за одредени министерства и таа преку бројки, лесно може да се види. Ќе имаме комплетен ребаланс на Буџетот на крајот на годинаа и ќе се види за сите други министерства колку се прерачунале со своите амбиции, во поглед нанекои фатаморганични проекти што помпезно ги најавуваа во јавноста.

**Иван Анастасвовски:** Ви благодарам колега.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Само на кратко да одговорам на заменикот министер за финансии околу капиталните

расходи. Само три примери ќе му наведамод општина Велес, каде што капиталните расходи се нереализирани.

Прво, се работи за изградбата на училиштето во село Оризари. Таму, училишната година не започна на време, затоа што во Министерството не го реализираа тендерот и не можеа да изберат изведувач кој ќе ги продолжи работите и не можеа да ја реализираат капиталната инвестиција поради нивната неспособност. Затоа, учениците не тргнаа на настава, а требаше таму да се адаптира старото училиште, што работи во субстандардни услови.

Втор пример, театарот во Велес. Средствата се намалени од 12на 6 милиони. 50% помалку од она што беше планирано.

Третиор пример за свлечиштето Рамина. 20 милиони помалку имате во Буџетот што требаше да се реализира како инвестиција.

Добро ќе беше тие пари, ако не можевте да ги реализирате, да ги пренамените за обезбедување на живеалишта на луѓето чии куќи сега не се сигурнаи за живеење. Немојте д ане убедувате дека можете или капиталните инвестиции ќе ги инвестирате до крај или во поголем процент докрајот на годината. Потфрливте на овој план и затоа сега ќе си ја носите одговорноста. Се надевам дека до година ќе ја научите лекцијата како Влада и навреме ќе си ги распишете тендерите и ќе ги реализирате проектите.

Вака да се правдате дека не биле запазени процедури или имало многу инвестиции со мали износи, нависитна не држи. Дури и да е така, за тие мали инвестиции не е потребен ни тендер. Може едноставно сонабавки од мал обем брзо да се реализираат. Значи, не држи образложението од заменикот министер за финансии. Жал ми е што Владата не сака да признае дека не може да ги реализира. Ги намали капиталните инвестиции за 700 милиони денари во овој Буџет, а од друга страна ги зголеми средствата за реклами, пропаганда, кампањи. Едноставно,прикажувајќи розова перспектива во Република Македонија, а всушност не може да реализира основни капитални инвестиции. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам коелга.

Има збор пратеникгосподин Серафимов Влатко, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван заменик министре, немав намера по втор пат да се јавам, меѓутоа навистина или не ме разбравте или лошо сум се искажал.

Проблемот е во тоа што ребаланс на буџетот е донесен во општините, а извршувањето на Буџетот, во однос на покачување на платите на општинската јавна администрација не е донесен. Односно е гласано против. Како ќе се зголемат платите на општинската јавна администрација со одлука на Советот?

Веќе се доаѓа во една колизија во која што работодавачот сакал, или не сакал, мора да плати казна според одлуката на Владата. Тоа е проблемот со кој настанаа проблемите во општините од кои што имаме податоци за општинската јавна администрација. Почитуван Вељаноски, ние тука и да го донесеме ребалансот на Буџетот ќе си ја зголемиме платата ние, а општинската јавна администрација нема да ја зголеми платата, затоа што самоволието на неколку советници од ВМРО-ДПМНЕ допринеле за таква состојба во општините Босилово и Кочани. Тоа е проблемот. А не е проблемот за нас тука 120 да се зголемат платите. Во таа општинска јавна администрација припаѓаат и припадници на противпожарните бригади кои што беа ангажирани да гаснат пожари и во Битола и во скопско, од Кочани и околината на Кочани. И сега тие луѓе не можат да добијат зголемување на платата од 10%, затоа што некој самоволието го искажува на начин на кој што не им доликува на советниците од ВМРО-ДПМНЕ. Затоа сакав да ви кажам дека ребаланс на Буџетот е донесен, а извршувањето на ребалансот на Буџетот во однос на зголемувањето на платите на општинската јавна администрација не е донесен.

**Иван Анастасовски:** Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани прусутни, мене ми е многу мило што конечно претставниците од Министерството за финансии на оваа седница на која се донесува ребаланс на Буџетот почнаа да одговараат на нејаснотиите, односно на прашањата поставени од пратениците. Поради тоа би сакала да го прашам почитуваниот заменик министер за финансии со оглед дека на денешната седница со овој ребаланс ќе одобриме 13 милиони евра од Буџетот на Република Македонија од парите на граѓаните да се дадат за санации во електросекторот. Значи, 13 милиони евра ќе дадеме неповратни средства на државните претпријатија, ЕЛЕМ и МЕПСО.

Почитуван заменик министер дали парите ќе бидат дадени за купување на струја за оваа зима? Дали струјата ќе се набави во нередовна процедура, односно согласно предожените измени и дополнувања на Законот за јавни набавки без јавен тендер, односно со директна спогодба, спогодба со директно договарање, спогодба во четири очи, како што ја викаат меѓу народот. Значи, дали 13-те милиони евра кои најверојатно денес ќе ги изгласа парламентарното мнозинство, пари од џебот на граѓаните ќе се дадат за набавка на струја, дали тоа ви значи санацијата во електросекторот. И дали набавката на струја ќе се изврши без тендерска постапка, без досегашната законска процедура после усвојувањето на измените и дополнувања на Законот за јавни набавки преку набавка со директна спогодба во четири очи.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Пред да гласаме, предлагам за Предлогот на Буџетот да гласаме во целина, освен за Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија и Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител за кои, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија и Законот за Народниот правобранител, Собранието гласа посебно.

Пред да го ставам Предлогот на гласање, ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 49 пратеници, два пратеника се воздржани од гласање, 10 гласале против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Преминуваме на гласање.

Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 55, 4 се воздржале од гласање, 2 гласале против.

Констатирам дека Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија е усвоен.

Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници за Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител гласале 58, еден се воздржал од гласање, еден гласал против.

Констатирам дека Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител е усвоен.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 53, еден се воздржал од гласање, 9 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, со Предлог на закон**.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Накратко како што е вообичаено да се даде уводно излагање по предложениот закон. Знаете дека во еден подолг период со Законот за исплата на плати се ограничени платите на вработените во јавната и државната администрација што практично резултираше со релативно ниско ниво на платите на вработените во овој сектор и се разбира имаше директно влијание на животниот стандард на вработените, исто така и во можноста, односно неможноста работодавачите да задржат на работа поквалитетен кадар. И токму поради тоа со овој закон предлагаме платите на вработените во јавната и државната администрација да се зголемат септемвриските плати, да се зголемат за 10% во 2007, 2008 и 2009 година за кое што зголемување се обезбедени пари во Буџетот на Република Македонија. Исто така, со овој закон се прават и неколку терминолошки усогласувања на одредени термини кои што се содржани во овој закон.

**Иван Анастасовски:** Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Значи, сега е времето тоа што го зборувавме за Буџетот да го кажеме по законот. Со овој закон се уредени платите на оние категории на вработени во јавната администрација кои не се уредени со посебен закон, значи државните функционери, судиите, државните службеници и тн., или со други специјални закони како што е Законот за АРМ, за офицерите и тн. Меѓутоа, и почитуваниот министер и сите ние знаеме дека најголемиот број на вработени практично спаѓаат во оваа категорија, затоа што тука се од образованието кое поединечно е скоро половина од Буџетот и тн.

Нашиот страв, односно нашето сомневање дека избрзаната и брза процедура на Владата за да реши прво од октомври, а после и од септември и да ги врати назад 30 дена исплатите, вклучувајќи го и овој закон за цела државна администрација, нема да вроди со плод за оние кои се децентрализирани и во првата и во втората фаза и се зависни од ребалансите на општините во кои што се префрлени. Тоа конкретно значи дека може да дојде до блокада на системот, затоа што на пример вработени професори во една општина каде што поминал ребалансот веднаш после ова ќе го исплатат со задоцнување за септември, меѓутоа другата општина нема да го донесе. И ние сме загрижени дека 84-те општини нема да ја постигнат динамиката до крајот на јануари да ги ребалансираат своите буџети за да можат овој закон од 10% да го применат. И тоа ќе внесе сериозен проблем и мислам дека и Синдикатот за образование кој сега здушно ве поддржува дури и некритички ја поддржува Владата, мислам дека брзо ќе почне да реагира, затоа што во различни делови од Македонија различни вработени во образованието,

културата, науката,да не зборуваме за државните службеници кои што се во општинската администрација, кои не зависат од одлуките на централната власт, затоа што знаете дека и општините се под ударот на државни службеници. Меѓутоа нивниот бод не се утврдува од страна на Владата, што значи дека донесувањето на овој закон во преодната одредба во членот 7 може да го зголеми за по 10% годишно. Ќе почне да се применува само за онаа општина која тоа ќе го направи. Како што слушнавме од говорницата, имаме две категории на општини, едни се што не носат ребаланс, за нив нема да важи. И втори се што се обиделе да ја следат динамиката на Владата и што советниците не го изгласале ребалансот. Што значи дека, ако владата нешто брзо не направи, веќе после објавувањето на овој закон и на ребалансот во понеделник неколку општини во Македонија ќе исплатат по ново, а другите ќе продолжат по старо. И ќе остане законот да важи само за оние што не се децентрализирани и мислам дека може да настанат проблеми. Очигледно дека сега е доцна, затоа што Владата тоа не го усогласила со општините, односно не дала доволен рок, ниту го предвидела во процесот на децентрализација. Сега мора да кажам дека премиерот прилично се избрза на прес конференцијата, прилично се избрза да вети, не го подготви теренот, прилично настапи, еве да го употребам и зборот предизборно и сега последиците ќе почнат да се чувствуваат. Поправката за ова за некој од вработените со оглед дека сме на три месеци пред крајот на годината, ребалансот нема ни да стигне. Тоа значи дека некои ќе го промашат 10 процентното зголемување, без разлика што овој закон тоа им го овозможува. Покрај овие ќе го промашат и делот на службеници кои се префрлени по сила на законите како државни службеници во општините за кои овој закон не се однесува, туку Закон за државни службеници, меѓутоа Владата не го утврди нивниот бод и не може да го утврди. Тоа треба општините да го прават. Само да потсетам во урбанизмот се децентрализирани неколку стотини луѓе, во УЈП и во Министерството за финансии тие што ги водат општинските буџети се целосно префлени на изворните приходи на општините, а не на трансферите од централниот буџет. И за нив ќе важи истата судбина. И сега тие што преминале на децентрализирано ниво по сила на закон, практично ќе имаат помала плата. И мислам дека за ова треба многу брзо да се реагира од страна на Владата да се исправи колку е можно помал број на работници вработени да останат без покачувањето.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предалгам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата има 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник гласале 57, сите 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. Сите гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 5 во новиот член 12-а став 2 и на член 8, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 3 кој се однесува на член 9 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Светлана Јакимовска поднесе амандман на член 4 ставови 2 и 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Благој Зашов поднесе амандман на член 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Благој Зашов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 ставови 2 и 4, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, сите 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Ја заклучувам Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 12,46 часот)